bredalorett.com

BREDA LORETT

# КОМПЛЕТ ДИСТРИБУТИВЕН



# ОД ПРОЕКТ ДО ПРОИЗВОД

Ние произведуваме затегнувачи на ремени и аксијални лежишта за спојки повеќе од 40 години. На располагање имаме широк асортиман на комплети со лежишта за тркала, а управувањето со целокупниот процес на развивање на производите го ставаме во фокусот на нашето работење, при што ги наметнуваме карактеристиките на нашите компаниски вредности, а тоа се одговорност, флексибилност и ориентација кон квалитет.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ



### ДИЗАЈН

Нашиот технички оддел претставува почетна точка во развојот на нови производи. Главните чекори се: физибилити студија, анализа на карактеристиките кои се специфични за примената, дизајн, структурно тестирање, изработка на прототипи и подготовка на сета неопходна документација за добивање на конечно одобрение. Низ годините, алатките кои им беа достапни на дизајнерите се развија во огромна мера, при што тие сега не нудат само зголемена способност за репрезентирање, туку и за вршење на ефикасни анализи на проценките со кои, преку софистицирани програми за симулација, може да се покаже усогласеноста на производите во согласност со спецификациите кои се потребни за нивна примена. Со употребата на софтверот SolidWorks се постигнува целосно 3Д управување со целиот проект вклучувајќи го неговото одобрување, како и намалување на времето потребно за развој и производство.



## ИНСПЕКЦИИ И МЕРЕЊА

Освен при тестирањата на испитен стол, алатките за мерење се од суштествена важност и при процесот на истражување и развој и со нив се обезбедува долгорочно одржување на стандардите дефинирани во проектот за време на фазата на контрола на производство. Најскорешни додатоци во нашата апаратура за мерење и инспекција се тестерот за заобленост и грубост на површина и станицата за тродимензионална инспекција.

## ТЕСТИРАЊЕ

Со цел да се помогне при дизајнот, тестирањата на испитен стол на автоматски затегнувачи и затегнувачи на ремени ни овозможуваат да извршиме проверка на карактеристиките на нашите производи преку нивна споредба со карактеристиките на оригиналните производи, како и да вршиме симулација на животниот циклус при екстремни услови во поглед на температура, оптоварување и брзина. Собраните податоци, коишто ја збогатуваат големата корпоративна база на податоци, даваат конкретни и непосредни повратни информации во однос на дизајнот и, истовремено, претставуваат важна платформа за постојан развој на производите преку специфична анализа (FMEA – Анализа на грешки и нивни ефекти).









## СЕРТИФИКАТИ

Иако изминаа повеќе години од добивањето на сертификатот за квалитет ISO 9001, ние сè уште сме посветени на постојаното подобрување кое веќе долго време претставува основа на нашата филозофија. Во септември 2013 година, ние постигнавме важна цел, а тоа е добивањето на сертификатот ISO/TS 16949:2009 на системот за управување со квалитет којшто го издава TUV (Здружение за техничка инспекција).




# КВАЛИТЕТ

## КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Сите фази на производство на нашите производи се следат преку внимателна контрола на квалитетот:

- Упатства за употреба
- Планови за инспекција
- Производни циклуси
- Систематски проверки
- Систем за детекција и корекција на неусогласеноста на производот и процесот
- Проценка на отпадот од процесот на производство

се само некои од алатките кои секојдневно се користат од страна на нашите одделенија за да се обезбеди постојано следење и конзистентност на квалитетот на производите со текот на времето.



# ПРОИЗВОДСТВО

Производството несомнено претставува средишна точка на нашето работење.

Покрај дизајнирањето и тестирањето, тоа претставува препознатливо обележје на компанијата кое ни овозможува да се разликуваме од голем дел од нашите конкуренти (кои делуваат само како центри за редистрибуција) и да станеме снабдувачи на водечките производители и снабдувачи на делови.



1 → 2 → 3 → 4 → 5 → 6

1.суровина
2.полупроизвод
3.финален производ
4.ласерско означување
5.амбалажирање
6.складирање



ДОКОЛКУ СЕ ЗЕМАТ ПРЕДВИД ЗАТЕГНУВАЧИТЕ НА РЕМЕНИ, НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАНЕМАРИ ЦЕНТРАЛНОТО ЈАДРО НА ОВОЈ ПРОИЗВОД, А ТОА Е ВАЛЧЕСТОТО ЛЕЖИШТЕ.

ВО НИЕДЕН ПРОЕКТ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПРЕСКОКНЕ ДЕТАЛНАТА АНАЛИЗА НА ОВАА ВАЖНА КОМПОНЕНТА; КАКО ПРОИЗВОДИТЕЛ, НИЕ ИМАМЕ МОШНЕ ЈАСНА ПРЕТСТАВА ЗА ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ КОИ СЕ ОД СУШТЕСТВЕНА ВАЖНОСТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ЕФЕКТИВЕН КВАЛИТЕТ И ТРАЈНОСТ.




ТИЕ СПЕЦИФИКАЦИИ СЕ СЛЕДНИВЕ:
- РАДИЈАЛНА И АКСИЈАЛНА ЛАБАВОСТ (ЛУФТ)
- КУЌИШТА
- ТИП НА МАСТ ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ
- КВАЛИТЕТ НА МАТЕРИЈАЛ
- ГЕОМЕТРИСКИ ОБЛИК И ДИМЕНЗИОНАЛНИ ТОЛЕРАНЦИИ

СИТЕ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ, КОИ ПРЕТСТАВУВААТ БИТЕН ДЕЛ НА НАШАТА ЕКСПЕРТИЗА, СЕ КОРИСТАТ КАКО НАСОКИ ЗА ВРЕМЕ НА ФАЗИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВО И ИНСПЕКЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ЛЕЖИШТА КОИ СЕ КОРИСТАТ ПРИ СКЛОПУВАЊЕТО НА НАШИТЕ ЗАТЕГНУВАЧИ НА РЕМЕНИ.

## ЗАТЕГНУВАЧИ НА РЕМЕНИ И КОМПЛЕТИ

# ПАЛЕТА

ЗАТЕГНУВАЧИТЕ НА РЕМЕНИ ГО ЗАЗЕМААТ ЦЕНТРАЛНОТО МЕСТО ВО НАШИОТ АСОРТИМАН НА ПРОИЗВОДИ. МОМЕНТАЛНО, НАШИОТ КАТАЛОГ СОДРЖИ НАД **2000** БРОЕВИ НА ДЕЛОВИ И Е ВО ПОСТОЈАН РАСТ.









НАШИТЕ ЗАТЕГНУВАЧИ НА РЕМЕНИ СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ВО ИТАЛИЈА, ИЛИ ИМ СЕ ДОВЕРУВААТ НА ВОДЕЧКИТЕ СНАБДУВАЧИ НА ДЕЛОВИ ВО ЕВРОПА.

МОМЕНТАЛНО, НИЕ ПРАВИМЕ ГОЛЕМИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ТАКАНАРЕЧЕНИ „АВТОМАТСКИ“ ИЛИ „ПРЕТХОДНО ЗАТЕГНАТИ“ (“PRETENSIONED”) ЗАТЕГНУВАЧИ. ТОА СЕ ПРОИЗВОДИ ЧИЈАШТО ЦЕЛ Е НАМАЛУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ПРИ СКЛОПУВАЊЕТО И ВИБРАЦИИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА ТЕМПИРАЊЕ НА МОТОРОТ.

ВО ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ ИМАШЕ ПОСТЕПЕН РАЗВОЈ ВО УПОТРЕБАТА НА МОНТАЖНИ КОМПЛЕТИ, ВО КОИ ЗАТЕГНУВАЧОТ НА РЕМЕН, ЗАПЧЕСТИОТ (ПОГОНСКИ) РЕМЕН И СИСТЕМИТЕ ЗА ПОМОШЕН ПОГОН СЕ КОМБИНИРААТ ВО ЕДЕН ПАКЕТ.

НЕОДАМНА БЕА ДОДАДЕНИ И „ПУМПИ ЗА ВОДА“. ОВА СЕ ПРАВИ ПОРАДИ ТОА ШТО МАКАРАТА НА ПУМПАТА ЗА ВОДА Е ОПТОВАРЕНА ОД СТРАНА НА ЗАТЕГНАТИОТ ЗАПЧЕСТ РЕМЕН И, ИСТО КАКО И ДРУГИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО СИСТЕМОТ, ТАА Е ПОДЛОЖНА НА АБЕЊЕ И ТРОШЕЊЕ, ТАКА ШТО НА КРАЈОТ БИ МОРАЛА ДА БИДЕ ЗАМЕНЕТА ЗАЕДНО СО РЕМЕНОТ И ЗАТЕГНУВАЧОТ НА РЕМЕНОТ.



# НАШАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ СЕ ГРАДИ ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ КОМПЛЕТИ И ЗАРАДИ ТОА, НИЕ ЈА ЗБОГАТИВМЕ НАШАТА ПАЛЕТА НА ПРОИЗВОДИ СО ПРЕКУ **650** КОМПЛЕТИ ЗА ЗАТЕГНУВАЊЕ НА ЗАПЧЕСТИ РЕМЕНИ, ПОВЕЌЕ ОД **200** КОМПЛЕТИ СО ПУМПА ЗА ВОДА И **60** КОМПЛЕТИ ЗА ПОМОШЕН ПОГОН.

Уште еден важен елемент на дистинктивните комплети Breda Lorett е употребата на ремените Dayco, со кои се гарантира квалитет и сигурност.

## СИСТЕМИ ЗА ПОМОШЕН ПОГОН






## ВРЕМЕНСКИ ТЕК




Сите производи од нашиот асортиман помагаат во збогатувањето на базата на податоци TecDoc, од којашто произлегуваат најчестите броеви на делови и сите електронски пребарувања на синџирите за снабдување на резервни делови.